| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Пролет во овошната градина |
| **Содржина на денот** | Дрвото во пролет |
| **Возраст** | 3-4 години |
| **Воспитувач** | Весна Спасова |
| **Дневни активности** | |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор на тема-Како да одржувам лична хигиена додека сум надвор од домот. |
| **Активности** | Оваа активност најдобро е да ја реализирате пеку прошетка во блиската околина и да го запознаете детето со расцутените дрвја. Најпрво разговарајте со детето за промените на природата во годишното време пролет. Разговорот поврзете го со промените на дрвото во пролет. Забележете ги промените на дрвјата, нивните карактеристики, опишете ги етапите на цутењето на дрвото-пупка, цвет, листови, плодови. Запознајте го со природните услови за раст и развој-сонце, вода, воздух. Објаснете му дека дрвото е живеалиште на разни птици и инсекти, а воедно е и одговорно за прочистување на воздухот во природата. По враќањето во домот заедно со детето може да изработите расцутено дрво со помош на нестандардни ликовни материјали. За стебло користете гранки од дрво, а за цветови може да употребите пуканки кои потоа децата ќе ги бојат. |